**Записник**

Од Втората седница на Секретарјатот за реформа во јавна администрација

одржана на ден 18.07.2018 со почеток во 10:00h

во сала за состаноци на Кабинетот на МИОА

**Присутни:**Александар Бајдевски; Билјана Николовска Жагар; Христина Конеска –Бероска; Мирјанка Алексевска; Маја Малјановска; Тања Стаменова; Миланчо Узпрцов; Елтон Зекири; ......Мехмети; Огнен Граоковски; Есма Адиловиќ Фазлиќ.

Втората седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација започна со воведено обраќање од страна на заменик министерот за информатичко општество и администрација Александар Бајдевски, кој воедно и раководи со Секретаријатот. Во своето обраќање, пред се им се заблагодари на членовите на советот за присуството, притоа истакна за важноста од споделување на информации за досега постигнатите резултати согласно Акцискиот план од Стратегијата за реформа на јавна администрација (2018-2022).

По обраќањето заменик министерот за информатичко општество и администрација Александар Бајдевски, на присутните членови им го соопшти дневниот ред, кој воедно им беше доставен пред почетокот на самата седница, со што премина на расправа по точките од дневниот ред.

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Записникот од конститутивната седница на Секретаријатот за реформа на јавната аминистрација, одржана на 19.02.2018 година

2. Статус на реализација на активностите од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година

3. Буџет за 2019 година на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година

4. Насоки за подготовка на полугодишниот Извештај за реализација на активностите предвидени во Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година

5. Презентирање на првичните наоди од Извештајот за мапирање на институциите, изработен од страна на UNDP

6. Разно (прашања/предлози)

**По точката 1 од дневниот ред Усвојување на записникот од конститутивната седница на Секретаријатот за реформа на јавната аминистрација, одржана на 19.02.2018 година**, заменик министерот по информатичко општество и администрација го претстави записникот од првиот конститутивен состанок што се одржа на 19.02.2018 година, присутните немаа забелешки, со што едногласно се усвои.

**По точката 2 од дневниот ред за статусот на реализација на активностите од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година**, заменик министерот по информатичко општество и администрација напомна дека секоја институција која е водечка (носител) на активностите предвидени во Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2020), да ги презентираат постигнатите резултати, со цел да се направи пресек пред подготовка на полугодишниот извештај, согласно предвидените рокови.

По однос на точка 2 од дневниот ред земаа збор присутни членови .

**Мирјанка Алексовска - Министерство за труд и социјална политика (МТСП)** во однос на приоритетната област 4 :давање услуги и ИКТ поддршка на администрацијата, посебна цел 4.2 Зголемен капацитет и достапност до услугите, во мерката 4.2.1 Подобрена достапност на институциите за сите граѓани, за која водечка институција е МТСП, истакна дека со цел подобрување на условите со кои се соочуваат лицата со инвалидност при вршење на секојдневните обврски, Владата на Република Македонија спроведува Акциски план за зголемување на пристапноста на државните и јавните институции, односно изведување на градежни прилагодувања на објектите за да се зголеми нивната пристапност за лицата со попреченост, со имплементирање на проектот за изградба на пристапни рампи, лифтови и подвижни платформи за лицата со инвалидност во објектите на органите на државната управа, други институции и единиците на локалната самоуправа. За реализирање на оваа цел МТСП, континуирано доставува информација до Владата на Република Македонија (ВРМ), во однос на реализација на проекти за обезбедување на пристапни рампи односно континуирано ги ажурира податоците во врска со обезбедената пристапност за лица со инвалидност како и во врска со планираните активности на државните институции и единиците на локалната самоуправа за изградба на пристапни рампи, лифтови или подвижни платформи.

Притоа, напомна дека постапувајќи по усвоените заклучоци на ВРМ, а во врска со обезбедување на непречен пристап за лица со инвалидност во објектите кој што се од јавен интерес и се во надлежност на органите на државната управа, други органи и институции и единиците на локалната самоуправа, согласно Законот за градење и Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лицата со инвалидност до и во градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено-деловна намена, државните институции и единиците на локалната самоуправа потребно е во рамките на своите буџети да обезбедат финансиски средства со цел обезбедување на непречен пристап за лица со ивалидност до и во објектите кои што се во

надлежност на органите на државната управа, други органи и институции и единиците на локалната самоуправа.

**<u>Маја Мајлановска, Министерство за правда</u>** (МП) во однос на приоритетната област 3: одговорност, отчетност и транспарентност, посебна цел 3.4 Зајакната транспарентност на институциите и подобрување на комуникацијата помеѓу институциите и граѓаните и бизнис заедницата, во мерката 3.4.1 Зајакнување на механизмите за достапност на информациите од јавен карактер, за која водечка институција е МП, истакна дека со цел реализацијата на мерката формирана е работна група за измени и дополнувања на Законот за информации од јавен карактер, оддржана е дебата, разгледани се и забелешките од страна на граѓанскиот сектор, кои се земени во предвид при подготовката на измените на законот.

По сеопфатната анализа, ќе се оцени дали да се носи нов Закон за информации од јавен карактер.

**<u>Христина Конеска –Бероска, Секретаријат за европски прашања (СЕП),</u>** во однос на приоритетната област 1: Креирање на политики и координација, посебна цел 1.2 Подобрен квалитет на политиките и законите и обезбедување на транспарентност и учество на засегнатите страни, во мерката 1.2.1 Унапредување на квалитетот на ПВР и на законодавниот процес во активноста 1.2.1.4 подготвување на прирачникот за анализа на Acquis нивна квалитетна транспозиција во националното законодавство и постигнување на соодветен степен на усогласеност, за која водечка институција е СЕП, истакна дека ова актвност е предвидена да се реализира до крајот на 2018 година, согласно Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година.
Притоа, напомна дека ја подготвуваат структурата за преговори.

**<u>Миланчо Успрцов – Агенција за администрација (АА) –</u>** во однос на приоритетната област 2: Јавна служба и управување со човечки ресурси, посебна цел 1.2 Деполитизација на администрација преку зајакната примена на начелата на заслуги(мерит), еднакви можности и соодветна правична застапеност, какои професионализација на високите раководни позиции (senior civil service), Подобрен квалитет на политиките и законите и обезбедување на транспарентност и учество на засегнатите страни, во мерката 1.2.1 Унапредување на квалитетот на ПВР и на законодавниот процес во активноста 2.1.1.1 Анализа на примената на ЗАС и ЗВЈС, истакна дека водечка институција за оваа активност се МИОА, АА и ССРД, и дека активноста ќе започне да се реализира со организирње на прва тридневна работилница за анализа на ПВР за ЗАС и ЗЈС која ќе се одржи кон крајот на месец јули надвор од Скопје.
За истата активност **<u>Елтон Зекири – од Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор (ССРД),</u>** спомна дека не е направена анализа на досегашната имплементација на Методолгијата за планирање на вработувањета на јавниот сектор согласно со начелото на соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Се констатира дека има потреба да се направи анализа на досегашното имплементирање на методологијата во кој би биле вклучени МИОА, МФ, АА и ССРД . Но исто така да се направи и упатство за спроведување на Методологијата.
Претставникот од ССРД, истакна дека има потреба да се надгради регистарот за вработените во јавниот сектор (ИСУЧР системот) во надлежност на МИОА, бидејќи регистарот го дава бројот на вработени според етничка припадност, но недава податок на работни позиции според етничката припадност, а се потребни како статистички податоци.

Огнен Граорковски – Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Македонија (КПВРМ) , напомна дека е заменик член и дека дополнително ќе достави информации за досега реализираните активности согласно Акцискиот план од Стратегијата за реформа на јавната администрација каде е надлежна КПВРМ .

Тања Стаменова од Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија (ГСВРМ), каде како носечка институција е ГСВРМ, во однос на Посебната цел 1.1 Зајакнато среднорочно и секторско планирање заради остварување на приоритетите на Владата а во однос на мерката 1.1.1 Зајакнување на системот за планирање преку обезбедување на механизам за усогласување на долгорочното со среднорочното и годишното планирање подготвена е Анализа на регулативата и праксата во однос на:

(1) системот на подготвување, усогласување, следење и известување по однос на планските документи и обезбедување на средства (Буџет и ИПА). Оваа активност е завршена. Анализата е спроведена во рамките на подготвениот документ со работен наслов: „Анализа на регулативата и праксата по однос на планските документи во Република Македонија преку примерок од усвоени стратегии во Република Македонија и најдобри практики од аспект на секторските стратегии“, материјал кој ќе биде доставен за разгледување. Поконкретно, во овој дел е анализирана целокупната регулатива за оваа област.

(2) Анализа на примерок од усвоени стратегии со цел да се утврдат недостатоците. Оваа активност е завршена. Подготвена е Анализа на примерок од 5 (пет) усвоени стратегии во Република Македонија со цел зајакнување на системот за планирање преку обезбедување на механизам за усогласување на долгорочното со среднорочното и годишното планирање. Согласно констатираните слабости дадени се конкретни препораки за подобрување на постојната состојба во врска со секторските стратегии во Република Македонија.

(3) Компаративна анализа и анализа на најдобрите практики во однос на секторските стратегии, активноста е завршена. Подготвена е Компаративна анализа и анализа на најдобри практики од аспект на секторските стратегии во Република Црна Гора, Република Србија, Република Хрватска, Република Косово, Република Албанија и Република Турција. Согласно утврдените предности од Компаративната анализа на секторски стратегии дадени се

конкретни препораки за превземање на позитивните искуствата од најдобрите практики во Република Македонија.

Во однос на активноста 1.1.1.2. Подготвување на измени на регулативата (доколку е потребно) за зајакнување на механизмите за координација и усогласување при подготовката, следењето и известувањето на планските документи и секторските стратегии и нивната транспарентност, истакна дека по разгледување и усвојување на Анализа на регулативата и праксата по однос на планските документи во Република Македонија преку примерок од усвоени стратегии во Република Македонија и најдобри практики од аспект на секторските стратегии од страна на Владата на Република Македонија ќе се пристапи кон подготвување на акт – Методологија-Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа при изработката на секторските стратегии, нивно спроведување, оценување на постигнатите резултати и известување.

Во однос на Посебна цел 1.1 Зајакнато среднорочно и секторско планирање заради остварување на приоритетите на Владата во однос на мерката 1.1.2.Подобрување на процесите и капацитетите за среднорочно, секторско и годишно планирање во министерствата и другите органи , ГСВРМ на 12.6.2018 испрати прашалник за анализа на интерните процеси функциите и човечките капацитети до 15те министерства и 3те секретаријати. По испратени ургенции, до денешен датум единствено нема одговор од МИОА, МО, Секретаријатот за спроведување на рамковен договор. Веќе се сумираат добиените податоци, за да се пристапи кон подготвување на соодветен предлог/информација за подобрување на процесите функциите и капацитетите.
Во однос на посебната цел 1.2 Подобрен квалитет на политиките и законите и обезбедување на транспарентност и учество на засегнатите страни, а мерката 1.2.2. Воведување на механизми за градење на аналитичка основа а во рамките на активноста 1.3.1.1. Спроведување на внатрешна функционална анализа на ГС со цел зајакнување на улогата на ГС во планирањето на приоритетите на ВРМ, поврзувањето со секторските стратегии, планирањето на годишно ниво и следењето, вршењето на контрола на квалитетот на политиките и предлог законите, контрола на исполнувањето на формалните барања за материјалите утврдени со Деловникот за работа на Владата и содржината на истите, како и во зајакнување на ефикасноста на системот на одлучување на ВРМ, Изготвен е Нацрт извештај на спроведената функционална анализа додека пак активностите се преземаа согласно методологијата за спроведување на ФА во институциите.

Додека пак посебната цел 1.3 Зајакната ефикасност на процесите, структурите и контролните механизми за хоризонтална координација и следење на политиките, како и зајакната ефикасност на процесот на одлучување на ВРМ а во рамките на мерката 1.3.2. Воспоставување механизми за координација помеѓу органите на државната управа кои ги извршуваат функциите на “Центар на Владата„ врз основа на анализа на регулативата и праксата, изготвена е Информација за воспоставување механизми за координација помеѓу органите на државната управа кои ги извршуваат функциите на „Центар на Владата“. Откако ќе се одобри,

истата треба да се прати до засегнатите институции на мислење и да се закаже координативен состанок (на кој ќе се ревидираат препораките). До крај на септември информацијата со предлог регулатива (методологија, насоки) ќе се достави до Влада. Целта се состои во формирање тело –стручен колегиум со претставници од ГС, СЕП, МИОА,МФ, СЗ кое ќе разгледува само за стартегии и закони и од формален и од суштински аспект и ќе претставува на некој начин филтер пред истите да бидат проследени до работните тела на Владата.

Во посебна цел 1.3  Зајакната ефикасност на процесите, структурите и контролните механизми за хоризонтална координација и следење на политиките, како и зајакната ефикасност на процесот на одлучување на ВРМ а во мерката  1.3.3 Зајакнување на ефикасноста на системот за одлучување на Владата на РМ , завршен е скрининг од страна на ИРИ, доставена е огромна документација на записници од седници на Владата од претходниот состав, ако до пред една година на седниците на Влада се разгледувале преку 150 точки на дневен ред, сега тие се сведуваат во просек на 50 и помалку. Одржани се состаноци на Генералниот секретар на Владата-Сектор седници и ИРИ. Од страна на ИРИ одржани се состаноци со сите раководители на сектори во Генералниот секретаријат. Подготвени се насоки за АД, спроведени се две обуки со директори на ЈП и АД и уште две обуки се предвидени. На работилница на Влада на РМ за внатрешна координација и консензус за спроведување реформски приоритети на која ИРИ ги презентирале наодите од скринингот (за зголемена ефикасност на седниците на Владата).

Во рамките на посебна цел 1.3 Зајакната ефикасност на процесите, структурите и контролните механизми за хоризонтална координација и следење на политиките, како и зајакната ефикасност на процесот на одлучување на ВРМ а за реализација на мерката 1.3.5. Зајакнување на соработката на Владата со Собранието оддржан е состанок помеѓу претставници од Службата на Собранието на Република Македонија, Канцеларија на претседател на Влада на Република Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Националниот демократски институт поради можноста за поддршка од нивна страна за реализација на мерката, а со цел да се детектираат и предочат проблемите кои се јавуваат во комуникацијата помеѓу Владата и Собранието, како и да се воведат ефикасни механизми за соработка и координација помеѓу овие две институции.

<u>*Билјана Жагар* – **Министерство за информатичко општество и администрација (МИОА)**</u> – ги презентираше досегашните постигнати резултати  на активностите предвидени во Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 20120), каде МИОА е водечка институција и тоа:

Во однос на посебна цел 1.2 Подобрен квалитет на политиките и законите и обезбедување на транспарентност и учество на засегнатите страни во активноста 1.2.4.3 Надградување на ЕНЕР

со можност за поднесување на Online иницијативи и предлози од засегнатите страни и интеракција со министерствата, како и донесување на насоки за користење на системот за е-седница и ЕНЕР, за реализација на оваа активност успешно е спроведена постапка за јавна набавка. Во тек е имплементација на надградба на ЕНЕР.

Во однос на Посебна цел 2.1 Деполитизација на администрацијата преку зајакната примена на начелата назаслуги (merit), еднакви можности и соодветна и правична застапеност, како и професионализација на високите раководни позиции (senor civil service) а во рамките на мерката 2.1.1. Намалување на ризиците од политизација преку воведување на јасни критериуми и транспарентност при изборот на најдобар кандидат за вработување и унапредување за реализација на активноста 2.1.1.1. Анализа на примената на ЗАС и ЗВЈС , формирана е работна група која ќе работи на ПВР Анализа на ЗАС и ЗВЈС. Активноста ќе почне да се спроведува кон крајот на јули, со поддршка на Британска амбасада.

Во однос на реализација на мерката 2.1.2 Професионализација на високите раководни структури во администрацијата, со поддршка на СИГМА, се одржаа 2 работилници со Работната група и притоа развиен е Концепт за ТМС. До крајот на јули работната група ќе го рагледа и финализира документот

Во однос на реализација на мерката 2.1.4. Зајакнување на капацитетите на комисиите за селекција при вработување и унапредување, со поддршка на Мисисјата на ОБСЕ во Скопје во јуни се одржаа 2 дводневни работилници за вработени од ОУЧР од различни институции на јавниот сектор и од ССРД на теми: Постапка за селекција при вработување и унапредување, врз основа на структурирано интервју, базирано на компетенции. Обучени се вкупно 50 потенцијални членови на комисии.

Во однос на реализација на активноста 2.1.5.1. Дефинирање на модели за операционализација на Мрежата за УЧР и воведување на подобри механизми за координација помеѓу членовите , организиран е иницијален состанок со потесен круг на членови на Мрежата на кој е дискутирано за Деловникот за работа на Мрежата и начините за создавање на е-платформа за постојана размена на информации и мислења

За реализација на активноста 2.1.6.1. Поедноставување на постојниот подзаконски акт и на обрасците за оценување на административните службеници, во Службен весник на РМ број 63/18 објавен е новиот Правилник за оценување, во кој е направено поедноставување на обрасците. Посеопфатни измени ќе следуваат по измените на ЗАС.

За реализација на активноста 2.3.1.1. Подготвување на предлог за соодветен модалитет за статусот на Академијата- Секторот за обука во МИОА, предлогот е подготвен во рамки на Анализата на модалитетите за воспоставување на Академија за стручно усовршување на административните службеници, завршена во мај 2018 година, во рамки на Проектот

„Поддршка на процесот на реформите на јавната администрација“, поддржан од Владата на Обединетото Кралство преку Британска амбасада Скопје.

За реализација на активноста 2.3.3.1. Анализа на актуелните платформи за е-учење во поглед на содржината и на техничките можности и подготвување на предлог решенија за измена на регулативата (буџетски средства) за посебен фонд за надградба и развој на платформите, анализата е подготвена, се очекува одлука од раководството од која зависат и предлог решенијата

За реализација на активноста 3.2.1.1. Јасно дефинирање на целите и методологијата на внатрешните функционални анализи и спроведување на пилот проект во МИОА, МНР и МТСП, меодологијата за спроведување на ФА е завршена во јуни 2018 година во рамки на Проектот „Поддршка на процесот на реформите на јавната администрација“, поддржан од Владата на Обединетото Кралство преку Британска амбасада Скопје. Истата е пилотирана во МТСП и МИОА. Притоа, одржани се и 2 работилници за нејзино промовирање една со претставници од ОУЧР на министерствата и секретаријатите и една за претставници од инспекторатите.

За реализација на активноста 3.4.2.1. Анализа и подготовка на Стратегија за отворени податоци заради воспоставување на единствена платформа за отворени податоци. Спроведување на консултации со сите засегнати страни во однос на Стратегијата за отворени податоци, подготвена е -Нацрт стратегијата , -спроведен е консулативен процен на веб старната на МИОА и обезбедени се мислења од надлежни институции. Планирано е текстот да биде разгледан на Советот за ИКТ

За реализација на активноста 3.4.2.3. Подготвување и имплементација на план за комуникација со јавноста и дефинирање на инструментите и алатките за подигнување на свеста кај граѓаните и бизнис заедницата во однос на концептот на отворени податоци, на 18.06.2018 година, се оджана конференција на која се изврши презентацијата на нацрт Стратегијата и Акцискиот план за отворени податоци и се оствари дебата за можностите и придобиките од отворени податоци.

За реализација на активноста 3.5.1.1. Анализа на досегашна имплементација на ЗОУП и подготвување на предлог со препораки и мерки за унапредување на примената на ЗОУП и за воспоставување на точка за информирање (капацитети, техничка опременост), со Поддршка на СИГМА, локалниот експерт и тимот за ЗОУП на МИОА во јули 2018 година е направен предлог Анализа за првична имплементација на ЗОУП.

Во однос на активноста 3.5.1.3. Спроведување обука за вработените кои ќе бидат ангажирани на управување и одржување на точката за информирање во МИОА, во рамки на поддршката од СИГМА, од страна на локалниот експерт спроведена е 3 дневна обуки за вработените од Тимот за ЗОУП, кои ќе бидат точката за информирање во МИОА.

За реализација на активноста 3.5.1.4. Воспоставување на точка за информирање во МИОА за обезбедување на практични совети за јавните органи за примената на ЗОУП, Во идниот правилник за внатрешна организација ќе се формира Одделение за имплеметација на ЗОУП.

Во однос на активноста 3.5.2.1. Подготовка на насоки за дефинирање на процесите на донесување на одлуки и делегирање на овластувањата за одлучување во управна постапка, во рамки на ИПА Проектот "Поддршка на МИОА во модернизација на јавната администрација"се изработуваат Насоки за дефинирање на процесите на донесување на одлуки и делегирање на овластувањата за одлучување во управна постапка. Се очекува да бидат усвоени во рок.

За реализација на активноста 3.5.2.2. Подготвување на измени и дополнувања на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места за воспоставување на организациски облици (сектор/одделенија) за одлучување во управна постапка , врз снова на Насоките, во прва фаза ќе биде доставен циркулар од МИОА до јавните органи кои имаат најголем број на управни постапки за усогласување на актите со ЗОУП.

Додека пак за реализација на активноста 3.5.3.1. Подготовка на публикација „Коментари на ЗОУП", во рамки на ИПА Проектот "Поддршка на МИОА во модернизација на јавната администрација"ќе се изработи Публикација со коментарите на ЗОУП.

За реализација на активноста 4.1.1.1. Развивање на Стратегија за е-влада и Акциски план за спроведување, во рамките на ИПА 2012 за анализа на постоечката Стратегија за РЈА, за што е доставен и извештај од експертот. По барање на кабинет на министер, активностите се ставени on-hold, за да се изврши координација со Стратегијата за ИКТ која се планира

Во однос на активноста 4.1.1.4. Олеснување на процесот за јавни набавки на ИКТ решенија преку измена на релевантна регулатива, во тек е измената на Законот за јавни набавки

За реализација на посебна цел 4.2 Зголемен квалитет и достапност до услугите, подготвен е Национален План за управување со квалитет за периодот 2018-2020 кој е моментално во владина процедура. Ќе започнат активностите штом планот се усвои од страна на Владата на РМ, активностите ќе бидат опфатени во рамки на ИПА 2012 проектот. Исто така, дефинирани се и видовите на обуките.

За реализација посебната цел 4.3 Дигитална средина која дава пристап до и можност за користење на е-услуги, направена е првична анализа, услугите се проценети според тежина на имплементација (технички аспект) и степен на корисност за граѓаните. Се спроведуваат состаноци со институциите за да се утврди динамиката на поврзување но постојат пречки некои од институциите изјавуваат дека сакаат поврзување, но немаат средства и луѓе за да го направат делот во системите од нивна страна.

**По точката 3 од дневниот ред за Буџет за 2019 година, на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година** , заменик министерот по информатичко општество и администрација, ја сподели идејата дека МИОА во

рамките на својот буџет во посебен раздел (К програма за РЈА) ќе ги издвои финансиските средства планирани за реализација на активностите согласно Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација. Поради поголема видливост и подобро следење на финансиските средства побара од претстваниците на институциите кои се водечки (носители) на активностите предвидени во Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 20120), да го следат примерот на МИОА и на своите претпоставени во институциите да го предложат ваквиот начин на издвојувње на финасиските средства во посебен раздел во рамките на Буџетот.

**Во точката 4 од дневниот ред за насоките за подготовка на полугодишниот Извештај за реализација на активностите предвидени во Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година,** Билјана Жагар ги претстави клучните елементи за следење, известување и оценување на процесот на реформа на јавната администрација, кои се утврдени во Поглавјето 4. Спроведување на Стратегијата за РЈА 2018 – 2022 и Акцискиот план (во натамошниот текст: Стратегија за РЈА). Во Стратегијата за РЈА е а утврдена и структурата за координација и управување со дефинирани улоги и одговорности. Меѓутоа, останува да се дефинираат конкретните чекори и роковите за подготовка на полугодишните и годишните извештаи, формата и содржината на обрасците за известување кои ќе се користат со цел да се олесни процесот за прибирање информации од министерствата и другите институции и презентирање на извештаите за спроведување на Акцискиот план до Советот за РЈА и Владата. За реализацијаа на оваа цел во процес е подготовка на документ кој треба да го олесни започнувањето на процесот на следење и да предложи обрасци и насоки за подготовка на „пасоши на индикатори[1]“ (passport indicators), како и да даде предлог за формата и содржината на полугодишните извештаи со обрасците за собирање на податоците во првиот циклус на следење на Стратегијата за РЈА.

Примарни корисници на Насоките се Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) и други институции кои учествуваат во спроведувањето на Стратегијата за РЈА.

**Во точката 5 од дневниот ред за Презентирање на првичните наоди од Извештајот за мапирање на институциите, изработен од страна на UNDP,** Билјана Жагар ги презентираше првичните наоди од извештајот за мапирање на институциите, по кои присутните немаа забелешки.

На крајот од состанокот се заклучи: Институциите кои се носители на активностите од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година, да достават Информација за статусот на реализација на активностите најдоцна до 20.07.2018 година (петок).

[1] „Пасош на индикатор“ претставува образец кој содржи детален опис на потребните податоци и методологијата за мерење и пресметување на индикаторите